Република Северна Македонија

**ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ**

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted], генералниот секретар на Инспекцискиот совет, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

1. Се прифаќа Барањето за слободен пристап до [redacted] карактер испратено до Инспекцискиот совет од [redacted], бр. 03-87/1 од 16.01.2024 година.

## О б р а з л о ж е н и е

На 16.01.2024 година, [redacted] до Инспекцискиот совет во е-форма достави Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-87/1 од 16.01.2024 година , со коешто тој во својство на барател, од Инспекцискиот совет бара да му биде доставена во препис, следната информација:

1. Сите поднесоци од Инспекцискиот совет проследени до Агенција за млади и спорт во врска со точка (еден) од допис со наслов „Одговор на претставка арх.бр. УПП16-358/2023 од 09.11.2023 година" од Инспекцискиот совет на РСМ.
2. Сите поднесоци од Агенција за млади и спорт проследени до Инспекцискиот совет во врска со точка (еден) од допис со наслов „Одговор на претставка арх.бр. УПП16-358/2023 од 09.11.2023 година" од Инспекцискиот совет на РСМ.
3. Сите постапки и процедури преземени од страна на Инспекцискиот совет во врска со точка (еден) од допис со наслов „Одговор на претставка арх.бр. УПП16-358/2023 од 09.11.2023 година" од Инспекцискиот совет на РСМ.
4. Целокупната документација која била земена во предвид при утврдувањето на состојбата со точка (еден) од допис со наслов „Одговор на претставка арх.бр. УПП16-358/2023 од 09.11.2023 година" од Инспекцискиот совет на РСМ.
5. Сите поднесоци од Инспекцискиот совет проследени до Агенција за млади и спорт во врска со точка (еден) од допис со наслов „Одговор на претставка арх.бр. УПП16-447/2023 од 27.12.2023 година" од Инспекцискиот совет на РСМ.

6. Сите поднесоци од Агенција за млади и спорт проследени до Инспекцискиот совет во врска со точка (еден) од допис со наслов „Одговор на претставка арх.бр. УПП16-447/2023 од 27.12.2023 година“ од Инспекцискиот совет на РСМ.
7. Сите постапки и процедури преземени од страна на Инспекцискиот совет во врска со точка (еден) од допис со наслов „Одговор на претставка арх.бр. УПП16-447/2023 од 27.12.2023 година“ од Инспекцискиот совет на РСМ.
8. Целокупната документација која била земена во предвид при утврдувањето на состојбата со точка (еден) од допис со наслов „Одговор на претставка арх.бр. УПП16-447/2023 од 27.12.2023 година“ од Инспекцискиот совет на РСМ.

Во предметното Барање, барателот навел дека бара препис од содржината на бараната информација да му се достави по пошта и во форма на електронски запис на посочената е-адреса ([redacted]).

Постапувајќи по горенаведеното Барање, а по извршената проверка на наведените предмеи, во прилог Ви доставуваме:

- Заверена копија – верна на оригиналот од Предлог за издавање на налог за вршење на единечен вонреден инспекциски надзор со арх.бр. УПП16-358 од 09.11.2023 година;

- Заверена копија – верна на оригиналот од Налог за вршење на единечен вонреден инспекциски надзор со арх.бр. УПП16-358 од 09.11.2023 година;

- Заверена копија – верна на оригиналот од Известување УПП 16-358/2023 од 15.11.2023;

- Заверена копија – верна на оригиналот од Барање на дополнителни податоци број УПП 16-358/2023 од 11.12.2023 година;

- Заверена копија – верна на оригиналот од Известување УПП 16-358/2023 од 27.12.2023;

- Заверена копија – верна на оригиналот од Предлог за поднесување на иницијатива за поведување на дисциплинска постапка против раководител на инспекциска служба за сторен дисциплински престап, бр. 16-26/3 од 11.01.2024 година и

- Заверена копија – верна на оригиналот од Иницијатива за утврдување на дисциплинска одговорност за сторен дисциплински престап против раководител на инспекциска служба, бр. 16-26/4 од 11.01.2024 година.

Во однос на точките со реден број 5, 6, 7 и 8 од Вашето Барање, на Вас како подносител на претставката, Ваш број 08-77 од 12.12.2023 и наш број УПП 16- 447 од 12.12.2023 година, од страна на Инспекцискиот совет Ви е доставен Одговор број УПП 16-447/2023 од 27.12.2023 и Ве известуваме дека постапката во врска со горепоменатата претставка е во тек.

Со оглед дека согласно утврдените законски услови, барателот има право на слободен пристап до информации од јавен карактер, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението.

Генерален секретар на Инспекциски совет
м-р Сашо Мержаноски

Доставено:
- до барателот на информацијата со прилог одговор (на е-адреса и по пошта);
- во архивата на Инспекцискиот совет, во оригинал

Изработил: Андријана Алексова, советник
Одобрил: Маја Срезоска, раководител на Сектор